### УШТЕ ЕДНАШ ЗА УМЕТНОСТА И ЗА ВОЈНАТА

# Иронија на актуелните состојби

*Угледниот „Фајненшл тајмс“, неодамна објави опширен текст со наслов „Уметноста и војната: преовладувачко чувство на иронија“, во кој авторот Петер Асиден ги издвојува проектите на албанскиот уметник Албан Хајдини и на Искра Димирова, неофицијален учесник од Македонија на Венецијанското биенале, како специфични уметнички видувања на последните балкански војни*

"Уметноста во 90-тите години не е позната по своето чувство на ангажираност со геополитичките состојби", пишува "Фајненшл тајмс". "Инаугурацијата на овогодишното Венецијанско биенале се одржа токму на денот кога НАТО почна да влегува на Косово, но тешко беше да се распознае каква и да е трага од балканската криза во овие павилјони на експериментирање. Тешко, но не и неможно".

Објаснувајќи ги околностите со кои се соочил со проектот на Искра Димитрова, "Прекрасни суштества", прикажан за време на овогодишното Венецијанско биенале, надвор од официјалната конкуренција, авторот пишува: "Искра Димитрова, мистериозниот наратор на тоа што би требало да биде романтична бајка и нејзиниот народ во неволја не се официјален дел од Биеналето, но не е тешко да се препознае што е инспирацијата за нејзиното оштро иронично дело. На прв поглед, делото може да изгледа комично, но тоа вклучува нагласени аспекти на протест против актуелната ситуација на Балканот и, особено, во Македонија".

Слично чувство на ироничност, авторот пронаоѓа и во бугарскиот настап, како што вели, овој пат официјален. Бугарскиот проект на Недко Солаков се состоеше од дистрибуција на картички, маички и капи, на кои е напечатена следната порака: "Многу важно соопштение. По, речиси, 30 години отсуство во официјалниот дел на Венецијанското биенале, Република Бугарија е горда да најави дека е подготвена соодветно да учествува на следното Венецијанско биенале 2001 година".


„Прекрасни суштества“

Авторот смета дека, иако овој проект не е директно поврзан со војната, сепак, на свој начин живо зборува за сатиричната фузија на застојот меѓу јавните релации и уметничката изведба.

Без изненадување, најочигледниот коментар на војната, авторот на овој текст го пронашол во албанскиот павилјон. "Албанија денес - време на ироничен оптимизам" е дело, исполнето со моќна, вознемирувачка сила: делото на Албан Хајдини претставува кутии за куршуми исполнети со делови од човечко тело, направени од восок, спротиставено поставени на кич-порцелански фигури.

Текстот на "Фајненшл тајмс" и на многу други весници, што во времето на најжестоките судири на Косово не пропуштија да им дадат значаен простор, пред сè, на уметничките презентации од овој, наш дел од светот, недвојбено укажуваат на тоа што речиси сите медиуми го потенцираа во времето на откажувањето на македонското учество на Венецијанското биенале. Или, како што едноставно рече скулпторката Анета Светиева, претставник на Македонија на претпоследното издание на Венеција: "Не смееше да нè нема".